blizoo
fiber power

Близу ДООЕЛ Скопје
Бул.Трета македонска бригада бр.48
1000 Скопје, Македонија
ЕДБ: 4030006601740
тел: +389 2 613 1 613
089 011 011
факс: +389 2 2468 820

- **Член 158 став 1 алинеја 24 да се избрише од причини што несразмерна е каната во однос на сторениот прекршок на Законот од страна на операторот. Впрочем, може и да се предвидат други механизми за зголемување на ажурноста на операторите пред да се изрече толкава казна.**

***Член 158***

*(1) Глоба во износ до 2% од вкупниот годишен приход на правното лице (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:*
*24. најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата не достави извештај за износот на вкупниот приход (член 113 став (3));*

**Исто така би сакале да дадеме мислење на Предлозите од Советот за радиодифузија за измени на Нацрт – Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги од 05.06.2013 година во следниот дел:**

Предлог од Совет за радиодифузија:

1. *„Во членот 112:*
   - *По ставот 11 треба да се додаде нов став 12 кој гласи:*
     *„Агенцијата нема да издаде потврда за регистрирање на програмски пакет доколку од страна на подносителот на пријавата целосно не е платен годишниот надоместок за надзор.“*
   - *По сегашниот став 17 да се додаде нов став 18 кој гласи:*
     *„Во текот на постапката за програмски надзор, на барање на Агенцијата и други надлежни органи, операторите се должни да достават документи за уредени авторски и сродни права.“*

   *По настанатите измени, останатите ставови треба да се пренумерираат соодветно;*

***Образложение:***

- *Дополнувањето за нов член 12 е потребно за да се обезбеди наплата на надоместокот;*

*Предложеното дополнување со нов став 18 е неопходно поради спроведување на активностите од Предлог - стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија за периодот 2013-2017 година и од Акцискиот план за нејзина имплементација, во делот за надзор врз почитувањето на авторските и сродните права. Напоменуваме дека Владата ја усвои Стратегијата без забелешки во овој дел.„*

- **Сметаме дека изготвувачот на Нацрт текстот на Законот не треба да го прифати предлогот на Советот за радиодифузија за додавање на нов став 12 на членот 112, од причини што издавањето на Потврда за регистрација на програмски пакет по ниту еден правен основ неможе да биде врзано со редовното плаќање на надоместокот за надзор, бидејќи ваквиот услов би бил незаконски утврден**

Близу ДООЕЛ Скопје
Бул.Трета македонска бригада бр.48
1000 Скопје, Македонија
ЕДБ: 4030006601740
тел: +389 2 613 1 613
089 011 011
факс: +389 2 2468 820

казнен пенал за операторот, кој покрај законската казнена камата, ќе мора да добие и уште една казна, а тоа е недобивање на Потврда за регистрација, која Потврда Советот е должен да ја издаде како регулаторен орган, без оглед на финансиската раздолженост од страна на операторот. Ваквиот предлог е противуставен и во колизија и со други закони, со кои се уредува работењето на административните тела и органи на државата, конкуренцијата итн. Потврдата за регистрација никако неможе да биде платежно обезбедување, како на пример гаранција дека операторот ќе го плати надоместокот за надзор, што во случајот би претставувало механизам за обезбедување на плаќањето.

- Исто така сметаме дека изготвувачот на Нацрт текстот на Законот не треба да го прифати овој предлог на Советот за радиодифузија за додавање на нов став 18 на членот 112, од причини што Агенцијата нема надлежност за надзор над авторските права и сродни права, кој надзор е утврден со Законот за авторско право и сродни права. Воедно, со доставувањето на „документи„ за уредување на авторското право и сродните права помеѓу операторот и имателите на правата на Агенцијата, се создаваат можности за откривање на договорните права и обврски помеѓу два комерцијални субјекти, кои пак претставуваат строга деловна тајна која лесно може да биде разоткриена и операторите притоа да сносат негативни последици кои произлегуваат од востановениот однос со имателот на правата, како и нарушување и ограничување на со Уставот на РМ загарантираната слобода на претприемништво.

  Со ваквото предложено законско решение не се решаваат нелегалните реемитирања на програмски сервиси, пред се поради немањето законски основ од страна на Агенцијата да врши надзор над уреденоста на авторските права. Се поставуваат прашањата: што со документите кои операторот на барање на Агенцијата ќе биде должен да ги достави до истата, како доставените документи би допринеле за легалното работење на операторот, како Агенцијата ќе ги санкционира појавите на нелегално реемитирање преку ова законско решение, во услови кога со друг закон е утврдена јасна и недвосмислена постапка за надзор над корисниците на авторски и сродни права?

  Сметаме дека овој предлог на Советот треба да биде комплетно отфрлен од причини што самиот по себе не е решение за регулација на легалното користење на авторските права и сродни права и истиот не претставува никаков механизам на регулација и евентуално санкционирање на утврдени нерегуларности.

Се надеваме дека нашите размислувања ќе бидат сериозно разгледани и истите ќе се најдат имплементирани во текстот на законот.

Со почит,

БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје

---------------------------------

Кирил Трендафилов

04.07.2013 година, Скопје

Близу ДООЕЛ Скопје
Бул.Трета македонска бригада бр.48
1000 Скопје, Македонија
ЕДБ: 4030006601740
тел: +389 2 613 1 613
089 011 011
факс: +389 2 2468 820

До: Министерство за информетичко општество и администрација на Р. Македонија
Ул. Мито Хаџи - Василев Јасмин бб, Скопје

Од: Близу ДООЕЛ Скопје ,
Ул.Трета македонска бригада бр. 48, Скопје

**ПРЕДМЕТ: Мислење по Нацрт - текстот на Законот за медиуми и аудиовизуелни услуги од 05.06.2013 година**

- **Член 52 може да стапи на сила од приемот на Р. Македонија во Европската Унија, а одложеното стапување на сила да се додаде во Глава X ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:**

***Член 52***

***Слобода на прием и реемитување***

*Се гарантира слободата на прием и нема да се ограничи реемитувањето на аудио/ аудиовизуелните медиумски услуги на територијата на Република Македонија од државите членки на Европската унија и другите европски држави потписнички на Европската конвенција за прекугранична телевизија на Советот на Европа.*

- **Член 83 ставовите (6) и (7) се обврзувачки за операторите на комуникациски мрежи, а доколку одреден деловен однос помеѓу два правни субјекти со закон се наметнува како обврска, потребно е да се доуредат подетално правата и обврските на двата субјекти, при што ќе се води грижа за востановување рамноправен однос помеѓу истите. Вака дефинираните решенија се подложни на идни различни толкувања од чинителите на пазарот и учесниците во соодветниот договорен однос, кој притоа е законска обврска.**

*(6) Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс , ќе склучи договор со радиодифузерот кој од Агенцијата има добиено дозвола за телевизиско или радио емитување, за емитување на неговиот програмски сервис во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од ставот (4) на овој член, почитувајќи ги принципите , на објективност, транспарентност и недискриминација. Радиодифузерите се должни склучените договори да ги доставаат до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на нивното склучување.*

*(7) Доколку страните од ставовите (5) и (6) на овој член не постигнат договор во утврдениот рок, Агенцијата за електронски комуникации по барање на една од страните поведува постапка за решавање на спор согласно со одредбите на Законот за електронските комуникации.*

- **Член 112 став (7) да се измени и Изјавата со која се потврдува уреденоста на авторските права да не биде заверена кај нотар, од причини што вака предвидената постапка ја усложнува процедурата за регистрација на програмски сервиси/пакети, која во услови на технолошко-технички развој на**

Близу ДООЕЛ Скопје
Бул.Трета македонска бригада бр.48
1000 Скопје, Македонија
ЕДБ: 4030006601740
тел: +389 2 613 1 613
089 011 011
факс: +389 2 2468 820

општеството, треба да биде што поедноставна, дури истата да може да се врши и по електронкси пат. Исто така нелогичноста од заверката на спомената Изјава на нотар доаѓа и од фактот што заверката на истата не ја зголемува кривичната и материјалната одговорност на одговорното лице на правното лице, пред се поради фактот дека немањето право на ремитирање на одреден програмски сервис е забрането и казниво, со самиот Кривичен законик. Изјавата дека авторските права се уредени заверена на нотар нема никаква улога во севкупната одговорност на одговорното лице во правното лице, пред се поради фактот дека нотарот само со дадената заверка потврдува факт, а не ја испитува и точноста на податоците, што претставува друга форма на нотарска исправа. Во услови на информатичко општество, државата треба да обезбеди можност регистрацијата да може да се врши и по електронски пат, при што постапката за севкупната регистрација потребно е да биде поедноставена и временскиот период за истота да биде сведен на броење во часови наместо во денови при што да се скратат роковите за постапување на Агенцијата во целокупниот текст на законот:

*(7) Со пријавата, одговорното лице на операторот доставува и изјава заверена на нотар со која потврдува под целосна кривична и материјална одговорност дека за реемитување на програмските сервиси од ставот (2) на овој член има уредено авторски и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права.*

- Член 112 став (14) да се измени и операторот да нема обврска за промената на назив, адреса и податоците за одговорно лице да ја известува Агенцијата во рок од 30 дена пред промената. Ваквата одредба непотребно ја усложнува работата на операторот на комуникациска мрежа во услови на либерализиран пазар и општесво. Промената на податоците наведени во истоимениот член а став (14) е промена која нема влијание на уредувачки и управувачки политики кои пак се контролираат од страна на државата кај радиодифузерите, и е сосема небитна за да биде законска обврска за операторот. Исто така во услови на развиено техничко – технолошко општество, возможно е Агенцијата да ги надградува постојано сторените промени од страна на операторите со црпење на податоци од Централниот регистар на РМ. Исто така, промената на наведените податоци се пријавува и во Агенцијата за електронски комуникации, па повторно е нејасно зошто во Агенцијата за медиуми да се пријавува 30 дена однапред. Со ваквото законско решение операторот се става во положба да биде казнет/санкциониран доколку ненајавено од сопственикот/ците (кои може и да се со странско потекло) биде сменето без најава, што е чест случај во работењео на сите правни субјекти. Исто така и промената на називот (што понекогаш може да биде и строга деловна тајна за маркетингшки цели) и адресата ќе бидат санкционирани доколку 30 дена однапред не се извести Агенцијата, што претставува исто така нерамноправен третман на правниот субјект од страна на законодавецот.

*(14) Пред да направи промена на податоците наведени во ставот (2) алинеи 1 и 2 од овој член, операторот е должен да ја извести Агенцијата во рок од 30 дена пред промената. Доколку се врши промена во програмскиот пакет, по сопствена иницијатива или врз основа на правосилна судска одлука, операторот е должен за тоа да ја извести Агенцијата во рок од 30 дена по настанатата промена, како и да достави нова изјава од ставот (7) на овој член. Агенцијата е должна во рок од три работни дена од денот на приемот на известувањето за промена на програмскиот пакет за истото да ја извести Агенцијата за електронски комуникации.*

Близу ДООЕЛ Скопје
Бул.Трета македонска бригада бр.48
1000 Скопје, Македонија
ЕДБ: 4030006601740
тел: +389 2 613 1 613
089 011 011
факс: +389 2 2468 820

- **Член 112 став (16) да се измени и обврската програмскиот пакет да биде составен дел од претплатничкиот договор да биде отстранета, пред се поради следното: доколку Претплатничкиот договор содржи Програмски пакет како прилог на истиот, ќе создаде нерамноправна положба и правна несигурност на субјектите, пред се поради невозможното статично испорачување на програмска содржина. Вака формулирана одредбата ќе создаде комплетна нерамноправност, бидејки оператопрот неможе да гарантира за програмската содржина на подолг временски период од причини што станува збор за материја која се уредува на кратки временски интервали. Имаме неколку случаи во праксата каде одредени ТВ канали забрануваат реемитирање и покрај постоење на активен договор, поради неуредени права за територии (Нова ТВ, Б92, ХТВ2 итн.). Исто така имаме ситуации и кога Советот за радиодифузија (во иднина Агенцијата) забранува реемитирање на одреден програмски сервис (К 15 – и др.), кој притоа е уреден помеѓу имателот на правото и операторот.**
  **Доколку субјектот не ја испорача содржината на договорот, истото според одредбите на договорното право се смета за неисполнување, а неисполнувањето пак предизвикува надомест на штета. Категоријата надомест на штета при неисполнување на договорна обврска е уредена со закон. Се поставува прашањето кој ќе јаномести штетата кога за престанок на реемитирање на одреден програмски сервис, кој пак би бил составен дел од претплатничкиот договор е одговорна Агенцијата?**
  **Со ваквото законско решение ќе се наметне обврска за операторот, која поради разни причини во дадени моменти операторот нема да може да ја исполни, што ќе доведе до нерамноправност и правна несигурност на субјектите. Исто така нелогична е обврската Програмскиот пакет одобрен од Агенцијата да биде составен дел од претплатничкиот договор, кој пакет ќе биде објавен и на самата веб страница на Агенцијата за секој оператор пооделно и со самото објавување, претплатникот во моментот на склучување на договорот со операторот знае за кои ТВ канали склучува договор.**

*(16) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен во претплатничките договори што ги склучува со своите претплатници да го наведе програмскиот пакет, односно листата на програмските сервиси кои ги реемитува во моментот, а за кои е издадена потврдата за регистрација од страна на Агенцијата.*

- **Член 112 став (17) е нејасен во делот на известувањето до Агенцијата за електронски комуникации и имателот на авторските и сродните права од страна на Агенцијата за донесеното решение со кое ќе му наложи на операторот исклучување на одреден програмски сервис кој не е регистриран согласно овој закон. Известувањето на двата субјекти наведени во ставот 17 дека операторот реемитирал програмски сервис кој патем не е регистриран согласно Законот во Агенцијата треба да има цел и функција, што е нејасно од самиот став.**

*(17) Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно овој закон, утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е реегистриран согласно овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис. За донесеното решение Агенцијата ја известува Агенцијата за електронски комуникации и имателот на авторските и сродните права. Решението за исклучување на програмскиот сервис со детално образложение, се објавува на веб страната на Агенцијата во рок од од три дена од денот на неговото донесувањ .*